**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ

За: Горан Глигоров, управител
Драган Павловиќ-Латас, одговорен уредник

Бр. 03-4

Скопје 25.01.2019 г.

Предмет: Известување за констатации по добиена претставка

Почитувани,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна претставка насловена „Реакција за вознемирувачка содржина – Сител". Во дописот се вели дека „ТВ Сител постојано емитува снимки кои што ме вознемируваат" и оти „денес таа слика (на детско раче кое прима вакцина н.з) ја ставија како главна слика на нивната веб страница и навистина ја прелеаа чашата". Во претставката се бара снимки со вакква содржина (како иглата од вакцината влегува во нежната кожа на бебенцето) или да не се емитуваат или да се емитуваат во значајно заматена форма.

По добиената претставка, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги направи надзор врз содржините емитувани во вестите на ТВ Сител во текот на седмицата помеѓу 8 и 16 јануари 2019 година, поконкретно на прилозите кои се однесуваа на: епидемиолошката состојба во земјата по појавата на малите сипаници, соопштенијата од Министерството за здравство, текот и проблемите поврзани со вакцинацијата, како и на интервјуто со д-р Венко Филипче, министер за здравство.

Агенцијата констатираше дека во овие прилози **нема прекршување на член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Извештајот од надзорот е објавен на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.+ 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Агенција за аудиО и аудиовизуелни
медиумски услуги

**Директор**

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ